Архивски бр. 08- 1484/1
датум 07-07-2026

# ЗАПИСНИК
# ОД НАДЗОР ВО ОСНОВЕН СУД ТЕТОВО

Министерот за правда со решение бр. 08-527/1 од 25.02.2026 година согласно член 84 ставовите 3, 4, 5 и 6 од Законот за судовите и членот 14 од Законот за управување со движењето на предметите во судовите („Службен весник на РСМ" бр. 42/20) формираше Комисија за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник и надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за управување со движење на предметите во судовите, за 2026 година.

**Комисијата за надзор на ден 23.03.2026 година во 09:00 часот**, согласно Планот за надзор бр. 08-2554/1 го започна надзорот во **Основен суд Тетово** за контролниот период од 2024 до 2026 година, односно за периодот од последниот увид на Комисијата за надзор во 2024 година до 2026 година.

Комисијата изврши увид во судот во присуство на претседателот на судот Хасан Асани, раководителот на одделение за информатика Зоран Ѓорѓески, раководителот на граѓанскиот оддел Везирет Шахини, како и судските советници Стевица Саркоски и Шпреса Даути.

Во периодот од последната посета на судот во 2024 година досега детектираните проблеми и препораки во однос на вработување на судска служба е непроменета и влошена. Од 2023 година нема унапредувања на стручните служби, одливот на кадар е неповратен, има недостаток од дактилографи, курири и хигиеничари. Со планот за одобрени 200 вработувања во судовите се очекува да се реализираат 4 нови вработувања во судот во 2026 година, што е малку во однос на реалните потребите на судот.

Во судот беше истакнато дека постои проблем во АКМИС со распределба на итни и поврзани предмети, а при прераспределба нема копче забелешка. Исто така информатичарот ја врши распределбата на предмети, што по правило треба да го врши уписничарот во писарница, но судот се соочува со кривични пријави против вработени уписничари за неправилна распределба на предмети. Потребна е

поактивна улога на функционирањето на работното тело при Врховен суд наменето за стандардизација.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ И СОСТОЈБА НА СУДОТ

1. **Програма за работа на судот и достава на извештај за реализација на програма за работа на претседател на суд доставен до Судскиот совет на Република Северна Македонија (најдоцна до 31 март)**

Претседателот на судот редовно секоја година донесува програма за работа и за реализацијата на истата доставува извештај до Судскиот совет.
Програма Су 658/23 од 29.12.2023 година, Су бр.732/24-3 од 25.12.2024 година,
Годишен извештај за работа за 2025 година заведен под Су 03-22/2026 година и Су бр.1099/25 годи од 30.12.2025 година
Стратешки план на Основен суд Тетово 2022-2024 Су бр.1/22 од 03.01.2022 година
Стратешки план на Основен суд Тетово 2025-2029 Су 78/25 од 27.01.2025 година

2. **Број, вид на судски оддели со број на судии кои постапуваат по предметите (имиња и област по кој постапуваат) (член 66 СД)**

Во текот на извештајниот период 2024-2026 година, од 26 судиски места по систематизација пополнети се 12 судиски места, во мај 2025 година биле пополнети 4 судиски места преку избор на нови судии со завршена Академија за судии и јавни обвинители од 8-та генерација, на двајца судии им мирува функцијата, во кривичен оддел има 5 судии, претседателот суди во кривичен совет, а граѓанскиот оддел е со 7 судии.

3. **Годишен распоред на судии (дали е донесен до 31 декември тековната година за следната година) со сите измени на годишниот распоред на судии (колку пати е менуван), со записници за спроведената постапка (мислење од седница на судии и достава до сите судии 113 СД)**

Годишните распореди во извештајниот период се менувале согласно потребите на судот. Воочени се проблеми со водителите на уписници и распределбата на предмети, за што е поведена соодветна постапка.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

Годишен распоред Одлука Су бр.732/24 од 24.12.2024 година, измени Су 732-2 од 21.01.2025 немало назначен судија за обвинителен акт, судија од прекршоци и оценка на обвинителен акт. Потоа во совет за оценка на обвинителен акт се вклучуваат и двајца судии од граѓански оддел.
Измени со Одлука Су бр.119/25 од 04.07.2025 година, заради избор на судија во повисок суд, измени со Одлука Су бр.357/25-2 од 05.05.2025 година заради избор на млад судија да постапува по уписници.
Одлука Су 357/25-1 од 07.04. 2025 година измена заради определување на судија во отсуство за обвинителен акт и за новите 4 судии во граѓански оддел.

За 2026 година Одлука за судии Су бр.1099/25 од 30.12.2025 година, Измена Су бр.1099/25-2 09.02.2026 година, поради помал број на судии кои постапуваат во кривичен оддел (претходна постапка) согласно бројот на предмети
и бројот на дежурства, со заедничка согласност на судиите со годишен распоред се ротираат на секои 4 месеци, заради определување на судија за ВПП во одделение Одлука за измени Су 1099/25-3 од 26.02.2026 година, Измени заради Одлука за судска служба Су бр.1100/25 од 30.12.2025 година, Измени на одлука Су бр.1100/25-3 од 10.03.2026 година, Су 116/26-2 од 10.03.2026 година - заради дактилограф
Су 357/25-2 од 04.04 за судска служба
Водители на уписници не ја прават распределбата, со Одлука на претседателот распределбата се прави од страна на информатичар, бидејќи имало констатирани недоследности.
Во судот е донесен Правилник за внатрешна организација и систематизација Су бр.75/24 од 11.04.2024 година.

**Препорака:** Во судот да се надмине постојната состојба и да се определат лица од писарницата кои ќе вршат распределба на предмети согласно важечките прописи, администраторот на АКМИС не треба да врши распределба и прераспределба на предмети.

4. **План за годишен одмор на судиите (115 СД)**

Су 04 –107/24 од 10.06.2024 година, Су 04-116/2 -25 од 03.07.2025 година.

5. **Формирана служба за информатика како посебна организациона единица**

Има формирано ИТ одделение, во кое се вработени тројца информатичари на позициите раководител на одделение, виш соработник и советник.

ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

6. **Формиран оддел за судска практика во судот**

Да, судите Илир Реџепи, Јасмина Лазаровска, Елведин Ферати и Бојана Тоиќ и Шпреса Даути, судски советник.

7. **Формирана канцеларија за односи со јавноста (101 СД)**

Судски службеници Драган Ристовски и Ѓулсиме Амити, судија Бојана Тоиќ, портпарол на судот.

8. **Судски администратор и распределба на службеници (60 СД)**

Одлука за измена на Годишен распоред Су 357/25-2 од 04.04.2025 година,
Во судот нема судски администратор. Препораката од претходниот извештаен период останува иста.

9. **Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно (член 17 СД)_за 2024, 2025 и 2026 година.**

Редовно претседателот на судот врши контроли во судот, пример службена белешка Су 832/25 од 09.10.2025 година.

10. **Записници од одржани седници на судии на месечно ниво со претседателот на судот (член 19 и 22 СД), Записници од одржани седници на судски оддели доставени до претседателот на судот (член 67 СД)**

Кривичен оддел Су 357/25 од 02.04.2025 година, Су 771/25 од 16.09.2025 година, Состанок со вработените Су 780/25 од 19.09.2025 година, посебно со судски службеници.

11. **Статистички извештај за работата на судот доставен до Судски совет (член 84 од СД) со анализа за начин на решавање на решени предмети, одлуки на повисоки судови за предмети по правен лек и посебно издвоени податоци за застарени, стари и укинати предмети**

Су-03-4/26 од 12.01.2026 година


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

**12. Извештај од повисокиот суд за работата на Основниот суд Тетово за 2024, 2025 и 2026 година**

Су 1023/25 - извештај на Апелационен суд Гостивар Су бр.405-5 /25 од 02.12.2025

**13. Надзор над работата на нотарите**

Претседателот врши контрола за Оставинските предмети
За што е составена службена белешка Су бр.833/25 од 16.10.2025 од 09.10.2025 до 13.10.2025 година.
Претседателот на судот организирал состанок со Адвокатска комора Су 831/25 од 06.10.2025 година за повеќе поднесени предмети, како и состаноци со МВР и Државно правобранителство заведени под Су 835/25 од 19.09.2025 година.

ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА АКМИС

**14. Организирани обуки на судии и судски службеници за користење на АКМИС (26 СД)**

Обуки за вработените, по потреба, се вршат од страна на информатичарите во судот организирано во групи во просториите на судот. Информатичарите вршат и обука за тонско снимање, електронска достава и за секоја новост што се воведува во системот.
Вработените во одделот за информатика посетуваат соодветни обуки од областа на ИКТ технологијата во организација на АСЈО.

**15. Преглед на информатичката опрема со која располага судот**

Во поглед на информатичката опрема со која располага судот комисијата беше информирана дека нема компјутери со постари верзии на оперативни системи за кои е укината поддршката.
Во судот се набавени 15 нови персонални компјутери и 15 печатари во 2025 година, со помош на СБС. Редовно, на годишно ниво, се надградуваат старите компјутерите со понови хардверски компоненти.
Секој вработен има своја работна станица. Целата ИТ опрема ги задоволува потребите на судот.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

16. **Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи со степен на достапност до АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД) На увид**

Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи има направено според Годишниот распоред со прецизно дефинирани привилегии за пристап и истите се дадени на увид: СУ 64/24 од 29.01.2024 година, СУ 37/2-2 од 23.01.2025 година со две измени, и СУ 37/26 20.01.2026 година.
При увид во АКМИС беше констатирано дека истите не се внесени во системот.

17. **Внатрешни процедури за привилегии за АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД)**

Има

18. **Месечните распореди и времетраење на дежурства во судот, евидентирани во АКМИС за контролираниот период (116)**

Има изработен распоред за дежурства (прекршочен оддел, притвори, истраги). Извршен беше увид во календар на дежурства на АКМИС за период од 2024 до 2026 година и беше констатирано дека се истите се уредно внесени.
Су 648/25 од 08.07.2025 година, дежурства претходна постапка

19. **Скенирање на влезни документи**

Се врши скенирање на влезни документи во сите одделенија. Скенерите се застарени и имаат потреба од набавка на пет нови скенери.

20. **Електронски прием на предмети од страна на судиите**

Редовно се врши електронски прием од страна на судиите.

21. **Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети (негово физичко присуство 89 СД)**

Администратор на АКМИС во судот е раководителот на одделение за ИТ, согласно Годишен распоред на судска служба.

За целокупната автоматска распределба и прераспределба на предмети од сите одделенија во Основен суд Тетово задолжени се вработените во ИТ Одделението, а по претходен предлог од страна на Претседателот на судот. Ваквата одлука донесена од страна на претседателот е заради забелешки од страна на судиите за чести грешки од страна на уписничарите, кои поединечно се исправаат и се составуваат службени белешки, одлука СУ бр.660/2025 од 15.05.2025 година.
Автоматска распределба се врши секој ден најдоцна до 14 часот.

**22. Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети за 2024, 2025 и 2026 година (175 став 5 СД)**

Одлуките за прераспределба на предмети поради вклучување и исклучување на судија се внесуваат во АКМИС. Во судот има задолжено лице за вклучување и исклучување на судии кое ги внесува овие одлуки.
Беше направен увид во хартиена форма на следниве одлуки за исклучување и повторно вклучување на судија поради отсуство подолго од пет работни дена, додека пак за отсуство на судии кои постапуваат по итни предмети се изготвуваат одлуки и за пократко отсуство: 04 СУ бр.362/24 од 27.12.2024, 04 СУ бр. 304/24 од 25.10.2024, СУ 04 бр.209/25 од 31.12.2025, СУ 04 бр.71/25 од 04.04.2025, 04 СУ бр.31/25 од 13.02.2025, СУ 04 бр.17/26 од 23.02.2026, СУ 04 бр.49/26 од 19.02.2026 и СУ 04 бр.73/26 од 10.03.2026 година.

**23. Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради изземање на судија, и одлуките за изземање за 2024, 2025 и 2026 година**

Во Основен суд Тетово има голем број на изземања од причина што новите судии како млади судии немаат право да судат на одреден вид на предмети, или поради учество во предмет како судија по претходна постапка.
Од страна на комисијата беше направен увид во предмети избрани по случаен избор од различни уписници и беше констатирано дека одлуките за изземање се уредно внесени во АКМИС системот.
Увид во хартиена форма на следните одлуки за изземање: СУИЗЗ-133/24 од 14.10.2024, СУИЗЗ-140/24 од 25.11.2024, СУИЗЗ-145/24 од 10.12.2024, СУИЗЗ бр.202/25 од 04.09.2025, СУИЗЗ-212/25 од 13.10.2025, СУИЗЗ-102/25 од 10.03.2025, СУИЗЗ-16/25 од 14.01.2025, СУИЗЗ-14/26 од 27.01.2026 и СУИЗЗ-28/26 од 17.02.2026.
Сите уредно заведени во АКМИС како акти.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

24. **Сите одлуки за рачна распределба на предмети од АКМИС за 2024, 2025 и 2026 година**

Нема рачна распределба.

25. **Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот (Гр и Кр од бараниот период)**

На денот на надзорот беше направен увид во следните предмети по случаен избор:

- СТ - 45/24 - поднесен, примен и автоматски распределен на 07.11.2024, прераспределба автоматски на 04.12.2024 и на 11.12.2024 по Одлука на претседател и со Одлука за изземање на судија, и автоматски прераспределен на 02.01.2025 година.
- П1 364/24 - поднесен и примен на 29.02.2024, автоматски распределен на 29.02.2024, автоматска прераспределба на 18.10.2024 поради изземање со Одлука од претседател.
- ПЛ1-ТС-29/25 - поднесен, примен и автоматски распределен на 28.02.2025, примен кај судија на 03.03.2025 и прераспределба автоматски на 11.03.2025 со Одлука за изземање.
- РО-885/25 - поднесен и примен на 04.12.2025, два пати распределен со копче судија на 04.12.2025, автоматски распределен на 04.12.2025, и автоматски прераспределен на 16.01.2026, поради ненамерна техничка грешка на судски службеник при заведување на укинат предмет, за што постои службена белешка
- К-531/25 - поднесен и примен во судот на 20.08.2025, автоматски распределен истиот ден и примен кај судија на 20.08.2025
- ПРК-Ј-1/26 - примен и поднесен на 09.01.2026, автоматски распределен на 12.01.2026, примен кај судија на 13.01.2026, прераспределба автоматски на 21.01.2026 и 03.02.2026 поради изземања, и прераспределба автоматска на 09.02.2026 по одлука на претседател.
- ПРК-С-1000/26 - примен, поднесен и автоматски распределен на 20.02.2026 и примен кај судија истиот ден


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

**26. Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник (број на предмети и датум на заведување и време на распределување)**

Во моментот на надзорот 10:40 часот имаше 39 вкупно новопримени предмети кои чекаат да бидат автоматски распределени.
Автоматската распределба се врши секој работен ден после 14 часот, еднаш во денот.

**27. Уписници што се водат во хартиена форма**

Нема уписници во хартиена форма

**28. Користење на тонско снимање и опрема за тонско снимање**

Во судот има осум судници, од кои четири се опремени со опрема за тонско снимање.
Судот не бил вклучен во надградбата на опремата за тонско снимање во изминатиот период и нема нова верзија на сотверот ФЕМИДА.
Опремата е стара, но функционална и се користи за снимање на рочиштата, во зависност од барање на адвокат или странска. Вработените напоменаа дека имаат проблеми со тонското снимање во поглед на двојазичноста, а исто така сметаат дека системот ФЕМИДА треба да биде интегриран во АКМИС.

**29. Електронска достава**

Електронската достава кон адвокатите функционира, единствено ако одреден адвокат нема електронско сандаче или ако нема валиден сертификат. Проблем претставува доставата до странките.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТНО ТЕЛО

**30. Одлука за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот за 2024, 2025 и 2026 година (член 16 СД)**

Су 04-209/25 од 30.12.2025 година , Одлука Су 04-364/24 од 30.12.2024 година.

31. **Годишен план за управување со движењето на предметите за 2024, 2025 и 2026 година по предлог на работното тело**

Су бр.65/24 од 29.01.2024 година, Су 37/26-1 од 20.01.2026 година

32. **Внатрешни процедури**

Су бр.64/24 од 29.01.2024 година Су 07-1/25-8 од 11.02.2025 година, Су 36/26-8 од 20.01.2026 година,

33. **Сите месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување (член 8 од ЗУДПС)**

Су 07-11/25 од 11.12.2025 година, Су 07-3/26 од 11.03.2026 година.

ДРУГИ ОПШТИ ПОДАТОЦИ

34. **Информирање на јавноста за резултатите од работењето на судот и судиите (најмалку еднаш годишно) за контролираниот период**

Преку веб страната на судот редовно се објавуваат и содржините за работењето на судот и се врши информирање на јавноста. Се одржуваат средби со студенти од факултетите, пристап на волонтери во судот.

35. **Огласна табла на судот**

Огласната табла е видливо истакната во судот.

36. **Простории за судии поротници и за адвокати**

Имаат засебни простории за поротници, слушатели на почетна обука во Академијата за судии и јавни обвинители, курири.

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification
BUREAU VERITAS 1828

**37. Објавени правосилни судски одлуки на веб страната на судот за 2024, 2025 и 2026 година**

Одлуките редовно се објавуваат на веб страната на судот и во периодот од изминатиот надзор објавени се вкупно 1402 одлуки.
Модулот за анонимизација на одлуки не ги задоволува во целост потребите, и затоа понекогаш анонимизацијата се извршува рачно.

**38. Архива**

Архивата во судот е средена целосно, предметите во судот се чуваат уредно во просториите на подрумот. Комисијата направи увид во активната и пасивната архива на судот, каде што сите предмети се подредени посебно по години, по видови, посебна просторија заклучена со корпора деликти, со ознаки и уредно наредени на полици.

ПРЕДИЗВИЦИ СО КОИ СЕ СООЧУВА СУДОТ

**39. Прашања за кои претседателот на судот, судскиот администратор или судската служба при вршењето на работите во судот можат да укажат дека им го отежнуваат работењето во врска со АКМИС или општо ефикасното работење на судот.**

Итно се потребни дактилографи и доставувачи-курири и хигиеничари, избор на Судски администратор и Раководните позиции кои не се пополнети.
Се апелира за побрзо поврзување на АКМИС со другите институции.

Увидот заврши на ден 23.03.2026 во 11:40 часот.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk